Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

**Образец ШУМ.41**

Член 26 од Законот за државната статистика („Службен весник на РМ“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 - 2022 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/18, 224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 300/20).

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

Податоците што се прибираат со овој образец претставуваат индивидуални податоци, заштитени со Законот за државната статистика и ќе се користат исклучиво за статистички цели

**Деловен субјект-назив** ______________________

______________________

(единицата во состав, локалната единица, го впишува целосниот назив на субјектот во чиј состав е, како и својот)

**Единствен број на субјектот (ЕМБС)** ______________________ |_|_|_|_|_|_|_|

**Реден број на единицата во состав (локалната единица)** ______________________ |_|_|_|_|

**Општина** ______________________ |_|_|_|_|

**Населено место** ______________________ |_|_|_|_|_|_|

**Улица** ______________________ **куќен број** __________

**Телефон** ______________________

**Е-пошта** ______________________

**Дејност според НКД, рев. 2.** ______________________ |_|_|_|_|

**Табела 1. Вештачко пошумување**

| Реден број | **Видови дрвја** | Вкупно (2-8) | Во шума (хектари) | | Надвор од шума (хектари) | | | | | Начин на пошумување (9+10)=1 | | Пополнување култури | | Употребен материјал за пошумување и пополнување | | | **Износ на потрошениот употребен мтеријал за пошумување, илјади денари** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | сечишта | други површини | камењар и голина | жив песок и солено земјиште | еродирано земјиште | земјоделско земјиште | друго земјиште | со садење | со сеење | во шума | надвор од шума | садници | | семе | |
| | | | | | | | | | | | | | | класични | контејнерски | | |
| | | | | | | | | | | хектари | | | | илјада парчиња | | кг | |
| а | б | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | **ВКУПНО (2+9)** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | **Листопадни насади** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | бука | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | дабови (сите) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | багрем | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | други тврди | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | топола | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | други меки | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | **Иглолисни насади** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 | смрча | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 11 | ела | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 12 | црн бор | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 | бел бор | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | вајмутов бор | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | дуглазија | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 16 | ариш | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 17 | други | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Табела 2. Нега и мелиорација** хектари

| Реден број | Видови мелиорација | Вкупно | Високи шуми | | | Фидански шуми (ниски) | Грмушки, макии, честаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | листопадни | иглолисни | мешовити | | |
| а | б | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Нега на подмладок | | | | | | |
| 2 | Чистење | | | | | | |
| 3 | Проретчување | | | | | | |
| 4 | Збогатување на шумите | | | | | | |
| 5 | со иглолисни | | | | | | |
| 6 | со благородни листопадни | | | | | | |
| 7 | Конверзија | | | | | | |
| 8 | Супституција | | | | | | |
| 9 | Пополнување | | | | | | |
| 10 | Ресурекција | | | | | | |
| 11 | Подготовка и нега на земјиштето | | | | | | |

**Табела 3. Количество на потрошени средства за ѓубрива**

| Реден број | | Вкупно потрошено, кг | Износ на потрошените средства за ѓубрење, денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Чисти минерални ѓубрива (азотни, фосфорни и калиеви) | | |
| 2 | Органски ѓубрива | | |
| 3 | Други ѓубрива (мешани или комплексни) | | |
| 4 | Средства за подобрување на почвата (тресет, песок и др.) | | |

Забелешка:

**Потрошено време за пополнување на извештајот I__I__I__I мин.**

На ден ____________2023 година

Податоците ги пополнил (М.П.) Раководител

_______________________ _______________________

# ОБЈАСНУВАЊЕ И УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ

Извештајот се пополнува годишно.

Се поднесува извештај за работите извршени во текот на целата година.

За државните шуми извештајот го пополнуваат сите подружници на ЈП „Национални шуми“ и националните паркови на кои шумите им се дадени на управување и стопанисување, без оглед дали стопанисувањето со шумите им е основна дејност или не.
За приватните шуми извештајот го пополнуваат подружниците за шумарство на ЈП „Национални шуми“.

Извештајот го составуваат извештајните единици за секоја територија на секоја општина и за секоја категорија на сопственост на посебен образец - прашалник.

1. „Вештачко пошумување“

„Вештачко пошумување“ претставува садење со шумски садници или сеење со шумски садници на голи земјишта со цел за повторно воспоставување на шумата каде што порано постоела, па со сеча била исечена (сечишта).
„Сечишта“ е површина на која постојната шума е исечена, со цел на истата површина, по природен или по вештачки пат, повторно да настане шума.
„Други површини“ во шуми се сите други површини, освен сечиштата на кои пошумувањето не претставува зголемување на шумскиот фонд, туку како и кај сечиштата претставува проста репродукција на шумите.

„Камењар и голини“ е слабо продуктивно земјиште обраснато со минимална вегетација или е без неа.

„Жив песок“ е песокливо земјиште чиј песок се наоѓа во движење или е привремено смирен со други култури што треба да се заменат со шума.

„Солено земјиште“ е засолено слабо продуктивно земјиште што може да се користи со пошумување и со примена на појаки агротехнички мерки.

„Еродирано земјиште“ е она земјиште од кое под влијание на разорното дејство на водата или ветерот делумно или целосно е однесен плодниот слој на земјиштето и вегетацијата и на тој начин земјиштето е осиромашено и не е приспособено за одгледување земјоделски култури.

„Земјоделско земјиште“, нормално, се користи во земјоделството, но поради ниската продуктивност, поплавување и други причини, се користи за подигање шуми - пошумување.

„Друго земјиште“ надвор од шума ги претставува сите други површини на кои не постоеле шуми и чие пошумување претставува зголемување на шумскиот фонд - проширена репродукција.

„Класични садници“ се садници произведени на класичен начин со незаштитен коренов систем, додека „Контејнерски садници“ се произведени на современ начин и со заштитен коренов систем и може да се садат во текот на вегетацискиот период.

Кај „пошумувањето“ се искажува целата површина на која е извршено пошумување, а кај „пополнувањето“ се искажува редуцираната површина, односно површината на оние делови на кои е вршено пополнување од неуспешното пошумување.
Податоците за материјалот што се употребува при садењето и сеењето се искажуваат врз основа на документацијата за потрошеното, а површината за пошумувањето се искажува врз основа на извршениот премер. Површината на другите работи или се премерува или се дава врз основа на книговодствената евиденција.
2. Нега и мелиорација

„Нега на подмладокот“ опфаќа заштита и дополнување на подмладокот.

„Проретчување и чистење“ се редовни сечи на мелиорација или нега на шумите што се спроведуваат на пократки или подолги временски растојанија со цел да се обезбеди развој на квалитетно најдобрите стебла.

„Збогатување на шумите“ со иглолисни или со благородни листопадни видови претставува внесување иглолисни или благородни листопадни видови во постојните шуми со цел зголемување на нивната економска вредност.

„Конверзија“ е замена на типот на одгледување на шумата од фидански (ниски) шуми во високи шуми.

„Супституција“ е тотална замена на видовите дрвја со внесување иглолисни или листопадни видови.

„Ресурекција“ претставува мелиоративна мерка со која со сеча на стеблата на пенушката или на чеповите, грмушките се претвораат во фидански шуми.

„Нега на земјиштето“ опфаќа одводнување, наводнување и подготовка на земјиштето за природно подмладување, односно за вештачко пошумување (со сеење семе или садење садници).

3. Средства за ѓубрива

Тука спаѓаат потрошените: чисти минерални ѓубрива (азотни, фосфорни и калиеви), органски ѓубрива, други ѓубрива (мешани или комплексни) и средства за подобрување на почвата (тресет, песок и др.).